ка: надвор од нашата земја, во Европа Ослободителната борба на југословенските народи и нивниот придонес во Втората светска војна се предмет на мошне внимателно проучување. Потоа, дека како плод на тие проучувања се постигнати мошне позитивни резултати. Исто така и историската наука во нашата земја во проучувањето на настаните од пред триесет години има виден напредок како во однос на продлабочувањето во суштината на проблемите така и во однос на квалитетот на нивното третирање што се покажа на овој научен собир.

**М. Т.**

## СИМПОЗИУМ НА ТЕМА „РАЗВОЈОТ И КАРАКТЕРИСТИКИТЕ НА НАРОДНООСЛОБОДИТЕЛНАТА ВОЈНА И НА РЕВОЛУЦИЈАТА ВО МАКЕДОНИЈА“

Во организација на Македонската академија на науките и уметностите и Институтот за национална историја, а по повод триесетгодишнината од почетокот на вооруженото востание на народите на Југославија во Скопје на 9 и 10 декември 1971 година се одржа симпозиум на тема: „Развојот и карактеристиките на Народноослободителната војна и на Револуцијата во Македонија“. Симпозиумот имаше југословенски карактер и неговата работа ја следеа преку сто научни, стручни и просветни работници. На учесниците на симпозиумот беа презентирани 42 реферата од кои 29 беа од Македонија, а останатите од другите републики и покраини. За одбележување е да се истакне дека рефератите во најголем дел се однесуваа на Македонија во составот на Југославија, а имаше и неколку, за прв пат, што се однесуваа за борбата на Македонците во Грција и Бугарија. Симпозиумот работеше во пленум, а рефератите беа изнесени групирани според сродноста на содржината.

Првиот ден реферати поднесоа: акад. Кирил Миљовски, Некои особености на Револуцијата од 1941—1944 во Македонија; Алеш Беблер, Народноослободилна војна кот резултат изкушењ југославенских народов; д-р Владо Стругар, Место Македоније у историографији о Југославији и Другом светском рату; акад. Михаило Апостолски, Воената организација во периодот на НОБ и Револуцијата во Македонија; д-р Манол Пандевски, За континуитетот на македонската национално-ослободителна револуција до 1941 г.; д-р Владо Ивановски, Почетокот на востанието во Македонија во 1941 г.; акад. Димитар Митрев, Специфики на партизанското движење во Пиринска Македонија; Наум Пејов, Ставови и практика на раководството на КП на Грција спрема македонското национално прашање во текот на НОБ; д-р Велимир Брезоски, Прилог кон периодизацијата на ослободителната војна во Македонија; Славка Фиданова, Националниот и народносниот момент — фактор за покренување на масите во Македонија во текот на ослободителната борба; Тодор Симовски, Македонците од Егејска Македонија и нивната борба за национална слобода во текот на НОБ (1940—1945); Војмир Кљаковић, Талијанско-бугарски спор око Македоније 1941 године; Христо Андоновски, Форми

на окупација во Егејска Македонија во текот на Втората светска војна; д-р Александар Христов, Некои специфичности во револуционерното преземање на власта; д-р Владимир Митков, Развој на државноста и сувереноста на републиките во Југословенската федерација (со посебен осврт на СР Македонија); д-р Бранко Петрановиќ, Македонија у периоду политичке уставне стабилизације Југославије; д-р Веселин Ѓуретиќ, Спољни фактори и неке устаничке противуречности; Милан Миладиновиќ, Основна морална својства бораца НОВ и ПО Македоније; и Јаким Синадиновски, Некои димензии на младинското движење во текот на НОБ и во повоената изградба на СР Македонија.

Вториот ден беа поднесени следниве реферати: д-р Данчо Зографски, Некои германски документи за Македонија 1940—1943 г.; д-р Миле Тодоровски, Односот на некои прогресивни и конзервативни сили кон ослободителна борба во Македонија во нејзиниот почеток (1941—1942); Гојко Миљаниќ, Неки проблеми руковођења НОБ-ом 1941—1943 г.; Слободан Нешовиќ, Народноослободилачки покрет Југославије и отечествено фронтовска Бугарска о македонској нацији и македонској државности; Галена Куцуловска, Културата и просветата на народноослободителната војна во Македонија 1941—1944; Боро Мокров, Печатот во Македонија во периодот на народноослободителната војна; Боро Митровски, 15 ударен корпус (македонски) во завршните борби за ослободувањето на Југославија; Томо Ристовски, Народноослободилачка борба у Повардарју 1944 г.; Александар Спасовски, Појавата на Скопскиот партизански одред во 1941 година; Владо Картов, Улогата на задининските органи на борбата во масовното разгорување на народноослободителното движење во Гевгелиско 1943 година; Хранислав Ракиќ, Јужна Србија значајан фактор у систему партиских веза између ПК КПЈ за Македонију и ЦК КПЈ у 1941 и 1942 годину; Ѓорѓи Стоев, Создавањето на вооружена формација на Огражден и Пљачковица во 1942; мр Младен Цолиќ, Четничка војна формација Драже Михаиловића у Македонији 1942—1944 године; д-р Душко Константинов, Етосот на Народната революција и на фашистичките окупатори на Македонија во 1941 г.; Ибрахим Кроси, Албанската народна песна од горниот тек на Вардар со тематика од НОВ; Здравко Божиновски, Влијанието на ајдутскиот и комитскиот циклус во народната поезија од НОВ и Револуцијата; Татјана Жежељ Каличанин, Односот на народот кон татковината во народната песна од НОБ; Блаже Петровски, Јунакот во македонските народни песни од НОБ; Воислав Јаќоски, НОБ и Револуцијата одразени во народната песна; Гоце Стефановски, Ликот на македонскиот револуционер од Народната револуција во светлината на романот „И бол и бес“ од Славко Јаневски; Симо Младеновски, Одразот на НОБ во македонската народна поезија; и Лазар Манчевски, Именувањето на непријателот во борбените песни и песните за НОБ и Народната револуција во Македонија.

Во поднесените реферати беа разгледани многу значајни воено-политички, државно-правни настани и разни аспекти од Ослободителната војна и Револуција во Македонија и беа изнесени нови постигања

од научно истражувачката дејност и на историско-правната мисла.

Во дискусијата по поднесените реферати и други проблеми зедоа учество 28 учесници на симпозиумот.

Накусо резимирано Симпозиумот, со тоа што пополна оцена на неговиот успех ќе се даде по објавувањето на рефератите и дискусијата, по бројот на учесниците, големиот број на рефератите и бројната и плодна дискусија, разноврсноста на проблематиката што се третираше, — може да се оцени како успешен и полезен.

Организаторите на симпозиумот зедоа обврска дека ќе ги објават сите реферати и дискусијата што неоспорно ќе биде значаен прилог на историографијата за најновата историја на Југославија, посебно на Македонија.

**В. Б.**